

Инструмент за претпристапна помош ИПА/2015/371474, компонента: Подршка на невладини организации и слобода на медиуми, активност 2014 приоритетна точка: Промоција и подобрување на меѓуетничките односи

Анализа:

Проценка на главните политики за Роми

Јануари 2017

Овој проект е финансиски подржан од

Европската Унија

Проектот се имплементира од страна на ЗПР,Штип во партнерство со ИнСоК, Скопје и ХДЗР-Месечина, Гостивар

Проектот “Мрежа на Ромски граѓански организации одговор на Ромската заедница” е финансиран од Европската Унија (ЕУ) во рамки на Инструментот за претпристапна помош ИПА/2015/371474, компонента : Поддршка на невладини организации и слобода на медиуми, активност 2014; приоритетна точка: Промоција и подобрување на меѓуетничките односи, спроведуван од Здружение за правата на Ромите - Штип во партнерство со Иницијатива за Социјални Промени ИНСОК - Скопје и Хуманитарно добротворно здружение на Ромите МЕСЕЧИНА - Гостивар

Цели на проектот “Мрежа на Ромски граѓански организации одговор на Ромската заедница” се:

- Да се воспостави и активно промовира мрежата на ромски граѓански организации како сервис за ромската заедница да учествуваат при донесување, влијание и креирање политики на локално и национално ниво
- Да се зајакнат капацитетите на мрежата на ромски граѓански организации за застапување, подигање на свеста и ефективно учество, да станат активен партнер во креирањето и спроведувањето на политики насочени кон Ромите кои се однесуваат на локално и на национално ниво
- Да се воспостават механизми за редовен дијалог и учество во редовен мониторинг и евалуација на правните и стратешките рамки во земјата, во насока и за интересите на ромската заедница

Оваа анализа е спроведена од страна на Институтот за Истражување и Анализи на Политики - Ромалитико.

Содржината на оваа анализа е во целосна одговорност на тимот на Ромалитико како автор, и оттука не ги одразува ставовите и мислењата на Европската Унија

Содржина

Вовед 3
Методолошки пристап 4
Јавни политики за Ромите 5
Институционална поставеност на јавните политики во РМ 9
Оценка на јавните политики 12
Образование 12
Вработување 21
Домување 28
Здравство 35
Буџет издвоен за Декадата на Роми во период 2010-2015 39
Анти-дискриминација 41
Родова Еднаквост 43
Политичка партиципација 45
Заклучоци и препораки 47
Користена литература 53

Вовед

Поставувањето на Ромското прашање во дискурсот на јавните политики во Република Македонија е процес индуциран "од надвор" на иницијатива на ромското цивилно општество и надворешните донатори. Досегашните набљудувања на односот на политичката гарнитура и институциите за поставување на ромските политики во рамките на нивните агенди укажуваат дека политиките се формално усвоени (window - dressing policy) како дел од агендата за приближување кон ЕУ. Сведоци сме на многу стратегии, програми, проекти и вклученост на различни актери како и издвојувања на финансиски ресурси за решавање на прашањето на Ромите. Иако интеграцијата на Ромите на Европско и национално доби голема важност во изминатата деценија со креирање на политики и мерки кои ќе помогнат во интеграцијата, сепак ефективните резултати на национално и локално ниво се далеку од очекуваното.

Појдовна основа за анализа на јавните политики за Роми е потпишувањето на меѓународната декларација "Декада на Ромите 2005 - 2015", каде земјите потписнички меѓу кои и Македонија се обврзаа дека ќе работат на намалување на јазот помеѓу Ромите и Не-Ромите во четирите приоритетни области вработување, домување, образование, здравство и со посебен фокус на родовото прашање, дискриминација и политичко учество. Како резултат на ова, Република Македонија донесе низа мерки во рамките на т.н. меко законодавство (soft-law) - програми и планови кои немаат правно обврзувачко дејство и кои зависеа пред се од добрата волја на политичките партии. Може да се напомене дека Декадата за Вклучување на Ромите ја зајакна соработката помеѓу меѓународните организации и Владите на државите потписнички, но сепак постои чувство дека Декадата произведе многу мал број на видливи резултати во смисла на имплементирање на ефективни акции во долните слоеви на општеството, и не успеа да допринесе за значајни резултати.

Во изминатите години институциите почнаа да спроведуваат различни делови од ромските јавни политики преку проекти со цел да се идентификуваат модели на добри практики за идното справување со комплексната состојба на Ромите. Иако се идентификувани одредени

добри практики и решенија на одредени проблеми, истите не се систематски вградени во институциите и некои институции сеуште претпочитаат користење на странски донации.

Методолошки пристап

Предмет на оваа анализа е проценка на главните политики за Роми на национално и локално ниво. Оваа анализа се базира на анализа на документи, јавни политики и други спроведени истражувања од државни институции и невладини организации кои се поврзани со јавни политики за Роми во Република Македонија. Направено е деск истражување со посебен осврт и анализа на Стратегијата за Роми 2005-2015 и 2014-2020 и останати документи креирани од страна на Министерството за Труд и Социјална Политика. Исто така голем број на информации содржани во ова истражување се користени и преземени од страна на неколку извештаи на граѓанското општество за имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

За потребите на оваа анализа, анализата на јавни политики наменети за Роми го опфаќа периодот од 2010 до 2015 година. Пристапот на набљудување на јавните политики за Роми е поделен на два дела и тоа: таргетирани јавни политики, и интегрирани односно мејнстрим политики.

Јавни Политики за Ромите

ОСВРТ НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Досегашните набљудувања во однос на донесувањето и имплементирањето на јавните политиките во Р. Македонија за Ромите се одликуваат со неконзистентност, слаба инволвираност на институциите и соработка со граѓанското општество, и недоволно издвоени буџетски средства односно недоволна искористеност на издвоените финансиски средства. Поминаа 10 години од потпишувањето на меѓународната иницијатива "Декада на Ромите 2005 - 2015" и донесувањето на Националната стратегија за Ромите 2005 - 2015, сепак видливи промени кај обичното население отсуствуваат, иако се забележува одреден напредок во одредени области (образование).

Во голем дел, јавните политики за Ромите се под влијание на македонската и меѓународната политичка сцена, и според тоа начинот на приоѓање кон "интеграција" на Ромите се одвиваше со донесувањето на т.н. меко законодавство, од каде што произлегоа различни документи - стратегии, програми, акциони планови, кои немаат правно обврзувачки статус. Покрај донесувањето на т.н. меко законодавство, одредени сектори се основаа во рамките на МТСП - Одделение за имплементацијата на стратегијата на Ромите и Ромски информативни центри. Како резултат на ваквиот пристап, произлегоа одредени јавни политики кои експлицитно ги таргетираа Ромите додека други политики имплицитно ги интегрираа Ромите во постоечките политики за маргинализирани групи, притоа привлекувајќи одредени финансиски средства од Европската Унија (ИПА), Светска банка и други меѓународни донатори. Оттука, може да се забележи дека јавните политики за Ромите се спроведуваат како резултат на добрата волја на политичката гарнитура или под притисок на меѓународната заедница.

Во рамките на т.н. меко законодавство, како јавни политики за Ромите во Р. Македонија произлегоа следните документи:

Табела 1: Клучни документи за Ромите, произлезени од меко законодавство

Меко законодавство	***Дата***	***Приоритетни области:***
Стратегија за Ромите	Јануари, 2005 година	Домување, вработување, образование, здравствена заштита, социјална помош и заштита, човекови права и дискриминација, култура, медиуми, жени-Ромки, политичко учество.
Акциони планови за: Здравствена заштита Образование Домување Вработување	Ноември, 2004 година (временска рамка 2005-2015)	Здравствена заштита, образование, домување, вработување
Оперативни планови за: Здравствена заштита Образование Домување Вработување	Временска рамка: 2006-2008 година	Здравствена заштита, образование, домување, вработување
Акционен план за подобрување на состојбата на ромските жени 2011-2013	2008 година, ревидиран во декември, 2010 година	Вработување, здравствена заштита, образование, човекови права
Ревизија на националните акциони планови за Ромите за периодот 2009-2011 година	Временска рамка: 2009-2011 година	Здравствена заштита, образование, домување, вработување
Претседателство на земјата со Декадата на Ромите	1 јули, 2011 г. – 30 јуни, 2012 година.	*Примарни*: вработување, домување. *Секундарни:* здравствена заштита, лица без лични исправи, ран детски развој.
Акционен план за инклузија на Ромите и ромските бегалци	2010-2011 година; 2011-2012 година	Вработување, домување, образование, лица без лични исправи и ромски бегалци
Стратегија за интензивирање на социјалната инклузија на Ромите во системот на социјална заштита за	Донесена во 2011 година	Зголемување на пристапот до шемата за социјална заштита; Локални социјални услуги; нерезидентни услуги; подобрување на квалитетот на

периодот 2012-2014 година		институционалните услуги за Ромите.
Национална стратегија за Ромите во Република Македонија 2016-2020	Донесена во 2014 година	приоритетните области вработување, образование, домување, здравство и култура.
Акциони планови за образование, здравство, вработување, домување, зајакнување на положбата на жената Ромка	Донесена во 2015 година (временска рамка 2016 - 2020)	области вработување, образование, домување, здравство и култура.

Извор: Адаптирано од Маја Геровска Митев (Септември, 2013, Преглед на оствареният напредок при спроведувањето на националната стратегија за Интеграција на Ромите и на напредокот во социекономскиот стандард на Ромите)

Во текот на Јануари 2005, Владата на Република Македонија ја усвои Националната Стратегија на Ромите во Македонија и се изработија Националните Акциони Планови (НАП) за образование, здравство, вработување и домување. Врз основа на НАП, се изработија и оперативни планови за секоја од областите при што се воспостави и институционална инфраструктура за спроведување на акционите планови. Министерството за труд и социјална политика, преку Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите, кое е формирано во 2008 година во соработка со министерот без ресор, Националниот координатор на Декадата и Стратегијата за Роми, иницираа креирање на повеќе од 15 локални (општински) стратегии и акциски планови за имплементација на Декадата Ромите. Во овие рамки, главна хипотеза беше дека со децентрализацијата, локалните власти ќе ја имаат главната улога во интеграцијата на Ромите.

Во текот на 2010, Министерството за Труд и Социјална Политика со поддршка на канцеларијата на УНДП во Скопје ја усвои Националната Стратегија за Намалување на Сиромаштијата и за Намалување на Социјалната Исклученост во Република Македонија 2010-2020. Во 2011, на иницијатива на Министерството за Труд и Социјална Политика беше усвоен Националниот Акционен План за подобрување на социјалниот статус на жената Ромка за 2011-2013. Во текот на 2011-та година, Министерството за Труд и Социјална Политика, во соработка со Министерот без портфолио, Националниот Координатор на Декадата за Роми, како дел од проектот финансиран од страна на ИПА, ја усвоија

Националната Стратегија за Социјална Инклузија на Ромите во системот на социјална заштита. Во периодот на 2011-2012, Република Македонија претседаваше со Декадата на Ромите.

Горе наведените факти ја потврдуваат заложбата на Владата на Република Македонија во преземањето на потребните чекори на ниво на политики и стратегии кои иницираат подобрување на квалитетот на живот и интеграција на Ромите во општеството.
Досегашните набљудувања во однос на јавните политики за Ромите во Р. Македонија се карактеризира со два пристапа интегриран и таргетиран.

Таргетираниот пристап на јавни политики се однесува на Ромите како таргет група, кои, како основа на нивните идентификувани потреби, се алоцираат одредени финансиски средства и се креираат стратегии, програми, акциони планови, проекти и мерки. За разлика од интегрираните (мејнстрим) политики, со овој пристап процесот на консултација и политичкиот процес е направен со Ромите и не-Ромите професионалци од одредени институции и организации.


Пример на таргетирани јавни политики:



Интегрираниот пристап на јавни политики претставува усвојување на заеднички стратегии, програми, проекти и мерки наменети за социјални категории кои се во неповолна/загрозена положба во кои спаѓа и ромската популација.

За консултации и процесот на подготовка на ваквите јавни политики се вклучени специјалисти од различни истражувачки институти. Учеството на ромската страна во процесот на консултации за ваквите јавни политики е лимитиран.

Пример на интегрирани јавни политики



Институционална поставеност на јавните политики во РМ

Влада	Министер без ресор (Национален координатор на Ромската декада)	
	Координативно тело	
Министерства	Работни тела	Министерство за труд и социјална политика
		Одделение за спроведување на Декадата
Локална власт	Локални тимови за ромската декада	
	Ромски канцеларии	
Ромско граѓанско општество	Мрежи од ромски НВОи	
	Ромски информативни центри	

Извор: Nadir Redzepi, Chronic Deception: A brief analysis of Roma policies in Macedonia 2011

Според документот за ревизија на националните акциони планови, дефинирана е структурата за имплементација, координација, информации и учесници во креирањето на националните акциони планови.[1]

Национален Координатор

МТСП преку одделението за имплементација на декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 и Националната стратегија за Роми е задолжен да доставува извештаи до Министерот без ресор кој е всушност и Национален координатор на декадата во Република Македонија. Покрај известувањата Министерот без ресор е консултиран од ресорните министерства и локалната самоуправа за напредокот и измените поврзани со акционите планови и владини програми кои се реализираат во рамките на Декадата за Роми.

Во координација и консултација со националниот координатор на Декадата, МОН, МТСП, МТВ, МП и МЗ се задолжени да ги реализираат предвидените активности за Декадата во рамките на предвидените финансиски средства во буџетот. Националниот координатор на Декадата заедно со одделението за имплементација на АП при МТСП се задолжени редовно да ја информираат јавноста преку медиумите за реализација на Декадата за вклучување на Ромите 20015-2015 и Националната стратегија за Роми во Република Македонија.

МТСП - Одделение за спроведување на Декадата за вклучување на Ромите и Националната Стратегија за Ромите

- Советување, упатување и поделба на искуството од постапката на ревизија на Националните акциони планови за Декадата за вклучување на Ромите и Стратегијата за Ромите

- Надгледување на спроведувањето на Националните акциони планови за Декадата за вклучување на Ромите и Стратегијата за Ромите

[1] Ревизија на Националните Акциски Планови од Декадата за Вклучување на Ромите 2005-2015 и Стратегијата за Ромите во Република Македонија, за период 2009-2011. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/revizija_nap_dekada.pdf

- Подготовка на податоци и релевантен материјал за информирање на Владата на РМ и јавноста за процесот на спроведување на Декадата за вклучување на Ромите и Стратегијата за Ромите

- Надгледување и усогласување на спроведувањето на Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите на локално ниво

- Тесна соработка со Националното координативно тело и неговите членови и обезбедување на административна и техничка помош за истото

- Обезбедување на целосна и отворена соработка со невладините организации на Ромите со цел да се подобри спроведувањето на Декадата за вклучување на Ромите и Стратегијата за Ромите

- Формирање база на податоци за прашањата поврзани со Ромите

Национално координативно тело (НКТ)

Националното координативно тело е составено од претставници на релевантните министерства и државните институции, како и претставници од граѓанските здруженија. НКТ ги има следните задолженија:

- Да обезбеди ефективна координација помеѓу државните институции и граѓанските здруженија;

- Да надгледува спроведувањето на националните акциони планови од Декадата за вклучувањето на Ромите 2005-2015;

- Да го советува Националниот координатор и Единицата за бараните водечки мерки за обезбедување на правилно спроведување на националните акциони планови.

По усвојувањето на Националните Акциони Планови неколку Ромски невладини организации иницираа процес за локални акциони планови во склоп со ромската декада. За жал овие процеси беа подржани од страна на странски донатори но не беа издвоени финансиски средства од страна на локалните општини. Искуството покажува дека учеството на ромскиот невладин сектор во процесот на донесување на одлуки на локално ниво е на ниско ниво. Постои исклучок од ваквата ситуација, одредени НВО заедно со

неколку општини имаат усвоено локални акциони планови за Инклузија на Ромите. Но генерално ромскиот невладин сектор е во голема мера исклучен во процесот на планирање на јавни политики на локално ниво.

Оценка на јавните политики

Образование

Образованието е еден од домените во кој што е постигнат најголем напредок во однос на Декадата на Ромите. Напредокот во високото образование највеќе се должи на стипендирањето на Ромски студенти од страна на Ромскиот Едукативен Фонд од Будимпешта, додека пак напредокот во средното образование највеќе се должи на стипендирањето на средношколци Роми од страна на Министерството за Образование и Наука. Дополнително, измената на законот за средно образование со кое се воведе задолжително средно образование исто така имаат позитивен ефект за Ромите.

Табела 2. Број на Роми средношколци

Година	Машки	Женски	Вкупен број на запишани средношколци
			Роми
2005/06	654	586	1240
2006/07	678	526	1204
2007/08	831	641	1472
2008/09			
2009/10	1054	900	1954
2010/11	918	780	1698
2011/12	974	749	1723
2012/13	1056	860	1916

Извор: МТСП - Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020

Табела 3: Проект за стипендирање, менторирање и туторирање на средношколци Роми. Остварени резултати

Година	Број на доделени стипендии	Број на стипендисти кои успешно ја завршиле годината	Број на ангажирани ментори	Број на средношколци кои го завршиле средното образование	Број на стипендисти запишани на факултет
2009/10	444	435 (98, 4%)	161	/	/
2010/11	611	597 (97, 8%)	160	72	30
2011/12	591	586 (99, 15%)	132	100	45
2012/13	593	591 (99, 66%)	106	112	49
2013/14	623	610 (97, 91%)	102	125	78

Извор: МТСП - Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020

Според документот изработен во рамки на проектот "Поттикнување на имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија, преку подобрување на стратешките и оперативните управувачки процеси на национално ниво"[2], изготвени и имплементирани се следните стратегии и политики:

Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование

Со реформите на Законот за основно образование и воведувањето на деветгодишно образование, учениците Роми имаат можност преку изборен предмет да го изучуваат својот јазик и култура. Предметот се изведува од трето одделение па се до крајот на основно образование.

За жал овој предмет не е воведен во многу училишта низ повеќето градови во Република Македонија каде што има голем број на ученици Роми во истите училишта. Исто така забележано е дека во некои градови изведувањето на овој предмет е укинат. Таков пример е ОУ Гоце Делчев во Тетово.

[2] Министерство за Труд и Социјална Политика во соработка со Националниот Координатор на Декадата и Стратегијата за Роми 2014-2020, 2014.

Ослободување од плаќање на административна такса за потврда за имунизација

Министерството за образование и наука преку секторот за унапредување на основното и средно образование и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, во 2009 година во соработка со Министерството за здравство, ги ослободија од плаќање на административна такса за потврда за имунизација која е еден од неопходните документи за уписи во прво одделение, основното образование. Оваа ослободување најмногу го почувствуваа ромските семејства за кои овој трошок претставуваше сериозна пречка за упис на нивните деца во основно образование

Доградба на основното училиште Браќа Рамиз и Хамид во Општина Шуто Оризари

Доградбата на ОУ Браќа Рамиз и Хамид е започната во мај 2013 година. Во училиштето има 18 нови училници и 3 кабинети за предметна настава. Оваа инвестиција во голем дел обезбедува подобри услови за изведување на квалитетна настава и го намалува изведувањето на наставата, кое во изминатиот период се реализираше во три смени.

Доградбата чини вкупно 66,000,000 МКД обезбедени од буџетот на Министерството за образование и наука.

СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Намалени критериуми за упис на ученици Роми во јавните средни училишта

Министерството за образование и наука согласно со Националната стратегија за Роми и Акцискиот план за образование, од учебната 2009/2010 година во Конкурсот за уписи во јавните средни училишта, пропиша, дека учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште, ако имаат до 10 % помалку поени од бројот на поените предвидени согласно со Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во соодветното училиште

Проект за стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми

Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, петта година во континуитет го реализира Проектот за стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми. Општа цел на овој проект е преку позитивни интервенции да се зголеми проодноста и успехот на учениците Роми од прва, втора, трета и четврта година од сите државни и приватни средни училишта во Република

Македонија. Со овој проект, се опфатени ученици стипендисти од околу 84 училишта и 28 општини ширум Република Македонија

Табела бр.4 Постигнати резултати **Година**	**Број на доделени стипендии**	**Број на стипендисти кои успешно ја завршиле годината**	**Број на ангажирани ментори**	**Број на ученици кои завршиле четири годишни средно образование**	**Број на ученици кои се запишале на факултет**
2009/10	444	435 (98,4%)	161	/	/
2010/11	611	597 (97,8%)	160	72	30
2011/12	591	586 (99,15)	132	100	45
2012/13	593	591 (99,66%)	106	112	49

Извор: МТСП - Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020

Изградба на средно училиште во Општина Шуто Оризари

Изградбата на средно комбинирано гимназиско и стручно училиште во Општина Шуто Оризари е завршена, и започна со реализирање на наставата.

Бесплатни учебници, превоз и сместување во ученичките домови

Владата на Република Македонија преку Министерството за образование и наука веќе неколку години го реализира проектот за бесплатни учебници, исто така следува и бесплатен превоз и сместување во ученичките домови. Сето ова се одлични предуслови за учениците Роми да го продолжат своето образование и да постигнат солидни резултати.

ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Квоти за упис на учениците Роми во високо образовните институции

Оваа пракса функционира со години, како афирмативна мерка за олеснет пристап на учениците Роми во високо образовните институции. Како резултат на програмата за стипендирање на Ромскиот Едукативен Фонд од Будимпешта, вкупниот број на дипломирани Роми, за периодот 2007-2012 достигнува 225 од кои повеќе од половината се жени.

Во академската 2010 година за првпат ромскиот јазик и култура е воведен како изборен предмет на Филолошкиот факултет во Скопје.

- Поконкретно, од 2005 година остварено е:
- Пораст на бројот на ромски деца опфатени со предучилишно образование од 1,5% на 4%;
- Пораст од 0,84% на бројот на деца со завршено основно образование (во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07);
- Пораст од 27,5% на бројот на запишани Роми во средно образование и пораст на бројот на ромските ученички од 29,5% (во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07);
- Пораст од 49% на младите Роми со завршено средно образование, и пораст на ромските ученички од 73,2% (во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07);
- Пораст од 11,4% на бројот на ромски ученици запишани на факултет и пораст на ромските ученички од 19,7% (во академската година 2009/10 во споредба со 2006/07);
- Пораст од 69,2% на бројот на дипломирани Роми и пораст од 57% меѓу дипломираните студентки-Ромки (во академската година 2011 во споредба со 2007).

Меѓутоа, за образовната вклученост на Ромите во земјата сé уште остануваат одредени важни предизвици. Во извештајот се забележува дека во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07, имало намалување од 0,74% на бројот на деца во основното образование. Освен тоа, бројот на ромски деца во специјалните училишта останува висок. Исто така, евидентиран е мал напредок во однос на порастот на писменоста и образованието за возрасни, а недостига и детална и сеопфатна евиденција за децата опфатени во училишниот систем.

Стипендии за високо образование

Покрај стипендиите за средно образование Министерството за Образование и наука за академската 2015-2016 од буџетот на РМ обезбеди 32 стипендии за студенти Роми во високото образование. За академската 2016-2017 бројот на стипендии за студенти Роми е зголемен на 50.

Според истражувањето за успешноста на Декадата на Ромите во високото образование вкупниот број дипломирани Роми, со оглед на полот се 117 жени и 108 мажи, односно

вкупно дипломирани во Република Македонија, во периодот од 2007 до 2014 година се 225 Роми. Бројката од 117 дипломирани жени Ромки укажува дека Декадата на Ромите успеа да мотивира повеќе девојки/жени да се запишат, да дипломираат и да се стекнат со универзитетска диплома.[3]

Финансиски средства одвоени од буџетот на Република Македонија, и финансиски средства од донации во периодот 2010-2016

Предвиден буџет				
Година	Буџет	Институции	МОН	
			Администрација	Проект за подршка на средно образование на Ромите
2016	Државен буџет	Планирано	3,600,000	7,525,000
	Донации	Планирано	-	5,886,000
2015	Државен буџет	Планирано	4,400,000	7,545,000
	Донации	Планирано	-	5,603,000
2014	Државен буџет	Планирано	4,400,000	7,545,000
	Донации	Планирано	-	10,259,000
2013	Државен буџет	Планирано	6,100,000	9,345,000
	Донации	Планирано	-	8,712,000
2012	Државен буџет	Планирано	-	6,720,000
	Донации	Планирано	-	10,489,000
2011	Државен буџет	Планирано	-	6,518,000
	Донации	Планирано	-	5,263,000
2010	Државен буџет	Планирано	3,000,000	2,500,000
	Донации	Планирано	-	5,100,000


Податоци прибрани од Министерство за Финансии

Од табелата може да заклучиме дека Владата на Република Македонија пред почетокот на секоја фискална година, во периодот 2010-2016 има предвидено финансиски средства од државниот буџет во износ од 69,198,000 денари за администрација и проект за поддршка на средното образование. Државата за проектот за средно образование на Роми одвојува 47,698,000 денари. За истиот период предвидени се финансиски донации за проект за поддршка на средно образование на Роми во износ од 51,312,000 денари. Од табелата може

[3] Џенифер Џеладин, Истражување за успешноста на Декадата на Ромите во високото образование, 2004-2014, 2016. Достапно на: http://ihr.org.mk/pub/istrazuvanje_dekada.pdf

да се заклучи дека износот на донации за проектот за поддршка на средно образование на Роми е поголем за разлика од државниот буџет. Вкупниот износ на предвидени финансиски средства од државниот буџет и донации за администрација и проект за поддршка на средно образование на Роми изнесува 120,510,000 денари.

Од графиконот може да се забележи дека најголем износ на средства од државниот буџет се предвидени за 2013-та година. Од почетокот на 2014 се забележува благо намалување на планираните средства.



Во однос на донации, може да се забележи дека најголем износ на финансиски средства од донации се предвидени за текот на 2012-та и 2014-та година. Од графиконот може да се забележи дека од почетокот на 2015-та година има нагло намалување на предвидени финансиски средства од донации.

Би сакале да напоменеме дека во годините опфатени во овој дел од анализата направен е ребаланс на буџетот на планирани финансиски средства. Поради тие причини износот на планирани средства усвоени во буџетот пред секоја фискална година, е различен со износот на планирани средства прикажани во завршните сметки. Имено како пример ја земаме 2015-та година, каде кон крајот на 2014-та година е предвидено дека за 2015-та година се предвидуваат 4,400.000 денари за администрација и 7,455,000 денари предвидени за проектот за поддршка на средно образование. Во завршната сметка за 2015-та година може да забележиме различен износ на предвидени средства за 2015-та година. Имено во

завршната сметка стои дека за 2015-та година биле предвидени 2,880,000 денари за администрација и 7,521,000 денари за проектот за поддршка на средно образование.

Поради честиот ребаланс на буџетите , а со цел да го прикажеме реалниот буџет издвоен и потрошен за Ромите, тимот на Ромалитико ќе ги анализира само податоците од завршните сметки на буџетите за секоја фискална година почнувајќи од 2010 - 2015-та година. Тука би сакале да напоменеме дека планирањето и реализација на буџетот за Роми не соодветствува поради лошото планирање на буџетите, Ромите не се приоритет во спроведувањето на јавни политики бидејќи тоа што се планира не се исполнува и затоа со ребалансот буџетот за Роми се скратува.

Од табелата на завршни сметки може да се забележи дека целокупната сума на издвоени финансиски средства за администрација и проект за поддршка на средно образование на Роми од државниот буџет изнесува 55,946,000 денари, или пак само за проект на средно образование на Роми 43,456,000 денари. Финансиските средства од донации за проектот за средно образование изнесува 56,358,000 денари или вкупно 112,304,000 денари. Оттука може да се забележи дека финансиските средства од донации се поголеми за разлика од издвоените средства од државниот буџет. Но исто така разликата помеѓу предвидените буџети кои се изработувале пред секоја фискална година и предвидените средства прикажани во завршните сметки, изнесува 8,206,000 денари помалку од предвидените буџети пред секоја нова фискална година.

Исто така од табелата се забележува дека секоја година остануваат голем дел на финансиски средства коишто не се искористени од страна на МОН.

Буџет според завршна сметка				
Година	Буџет	Институции	МОН	
			Администрација	Проект за поддршка на средно образование на Ромите
2016	Државен буџет	Планирано	3,600,000	7,525,000
		Реализирано	-	-
	Донации	Планирано	-	5,886,000
		Реализирано	-	-
2015	Државен буџет	Планирано	2,880,000	7,521,000
		Реализирано	122,970	6,148,500
	Донации	Планирано	-	6,035,000

		Реализирано	-	3,053,723
2014	Државен буџет	Планирано	4,030,000	7,545,000
		Реализирано	-	5,797,300
	Донации	Планирано	-	10,259,000
		Реализирано	-	7,094,161
2013	Државен буџет	Планирано	5,580,000	7,552,000
		Реализирано	3,500,000	5,704,400
	Донации	Планирано	-	9,712,000
		Реализирано	-	6,441,300
2012	Државен буџет	Планирано	-	6,720,000
		Реализирано	-	6,172,700
	Донации	Планирано	-	10,489,000
		Реализирано	-	6,458,758
2011	Државен буџет	Планирано	-	6,518,000
		Реализирано	-	6,326,800
	Донации	Планирано	-	11,763,000
		Реализирано	-	7,775,716
2010	Државен буџет	Планирано	-	7,600,000
		Реализирано	-	6,890,400
	Донации	Планирано	-	8,100,000
		Реализирано	-	3,689,800

Податоци прибрани од Министерство за Финансии



Од прикажаниот графикон може да се забележи дека вкупниот износ на нереализирани средства изнесува 37,127,472 денари, односно 15,282,930 денари од државниот буџет и 21,844,542 денари од донации. Доколку го земеме во предвид вкупниот буџет на издвоени финансиски средства од 112,304,000 денари и вкупниот износ на нереализирани

финансиски средства од 37,127,472 денари, може да се заклучи дека 33% од издвоениот буџет од донации останува нереализиран.

Од графиконот исто така може да се забележи дека во последните три години само половина од издвоените финансиски средства од државниот буџет се искористуваат, додека пак финансиските средства од донации се повеќе искористени за разлика од 2010-2012-та година. Оттука може да се заклучи дека искористеноста на државниот буџет во делот на МОН изнесува 73%, додека пак процентот на искористеност на финансиските средства од донации изнесува 61%.

Вработување

Постои мало подобрување во однос на степенот на вработеност и активност на Ромите, посебно во делот на јавниот сектор од 0,33% во 2005 година на 2,56% во 2012 година.[4] Според агенцијата за вработување учеството на Роми во активни мерки значително е зголемен во последните неколку години и тоа:

Табела 5: Број на вклучени Роми преку активни мерки на Владата на Република Македонија 2010-2014

Година	Број на Роми вклучени во активните мерки	Број на жени Ромки вклучени во активните мерки
2010	133	40
2011	233	66
2012	578	222
2013	612	248
2014	632	

Извор: Извештај за напредокот на Македонија во однос на Декадата на Роми 2014-та година

Иако постои мало подобрување во однос на вработувањето на Роми, сепак високиот процент на невработеност , кој е речиси двојно поголем во однос на националниот просек,

[4] Министерство за Труд и Социјална Политика во соработка со Националниот Координатор на Декадата и Стратегијата за Роми 2014-2020, 2014.

а дури и повисок меѓу ромските жени, останува да биде еден од нај загрижувачките фактори кое го попречува целосното учество и интеграција на Ромите во македонското општество. Во извештајот за напредокот на Република Македонија во однос на Декадата на Роми се забележува дека, од вкупниот број на регистрирани Роми во Агенцијата за Вработување само 10% од истите се вклучени во активните мерки за вработување.[5]

Според Агенцијата за вработување на Република Македонија заклучно со декември 2013 година изнесува **7516** лица. Од нив како активни баратели на работа се евидентирани **1743,** лица додека бројот на други, односно останати лица што бараат работа на работа изнесува **5773**.[6] Според Ромскиот Невладин Сектор новиот систем на евиденција на невработени односно категоризацијата на активни и пасивни баратели на работа дополнително го отежнува пристапот на Роми до вработување односно користење на активните мерки за вработување. Имено, со поделбата пасивните баратели на работа немаат право да ги користат активните мерки за вработување бидејќи спаѓаат во групата останати лица коишто бараат работа. Според цивилниот сектор, ваквата состојба предизвикува сериозни импликации по однос на намалувањето на процентот на невработеност на Ромите во Македонија. Што се однесува до пристапот на вработување на жената Ромка, истиот е лимитиран бидејќи програмите и мерките за вработување не се дизајнирани на начин кој ќе одговори на потребите на жената Ромка.

Табела 6: Преглед на невработени Роми според степен на образование

	Без образование и со основно образование	Непотполно средно образование	Завршено средно образование	Више образование	Високо образование	Магистри на науки	Доктори на науки	Вкупно
	2013 година							
Се	1282	162	272	3	23	1	/	1743
Жени	400	41	101	1	11	/	/	554
	2014 година							
Се	6234	346	392	3	22	/	/	6997
Жени	2160	55	143	0	11	/	/	2369
	2015 година							
Се	5153	281	375	4	29	/	/	5842
Жени	1914	47	149	1	15	/	/	2126

[5] Секретаријат за Декада на Ромите, Извештај за напредокот на Македонија, 2014.

[6] Министерство за Труд и Социјална Политика во соработка со Националниот Координатор на Декадата и Стратегијата за Роми 2014-2020, 2014.

Извор: Дениз Селмани, Анализа на Политиките за претприемништво во Република Македонија за надминување на "ДРУГОСТА" кај Ромите, 2016.[7]

Во прилог следат табелите за вклученост на Ромите во мерките во 2013 и 2015 година.

Табела 7: Број на Роми кои аплицирале и склучиле договор за користење на мерките обука за задоволување на побарувaните занимања на пазарот на труд

Програма/ Мерка	Самовработување				Субвенционирано вработување		Обука за задоволување на побарувaните занимања на пазарот на труд		
Година	Аплицирале	Пратени на обука	Обучени	Договор за грант	Аплицирани	Вработени	Аплицирале	Пратени на обука	Обучени
2013	76	17	11	8	91	13	30	14	14
2014	0	0	0	18	87	11	61	25	17
2015	55	0	0	13	0	0	20	0	0

Извор: Дениз Селмани, Анализа на Политиките за претприемништво во Република Македонија за надминување на "ДРУГОСТА" кај Ромите, 2016

Табела 8: Број на Роми кои аплицирале и склучиле договор за користење на мерките обука кај познат работодавач

Програма /Мерка	Обука за задоволување на побарувaните занимања на пазарот на труд од сообраќајна струка		Услуги за активирање на поединци изложени на ризик од социјално исклучување				Обука кај познат работодавач	
Година	Аплицирани	Склучени договори	Активирани	Анализирани капацитети	Вклучени во некоја од мерките од ОП 2015	Вработени со статус	Аплицирани	Склучени договори
2013	0	0	0	0	0	0	0	0
2014	14	0	0	0	0	0	0	10
2015	0	0	637	397	124	83	11	2

Извор: Дениз Селмани, Анализа на Политиките за претприемништво во Република Македонија за надминување на "ДРУГОСТА" кај Ромите, 2016

Табела 9: Број на Роми кои аплицирале и склучиле договор за користење на мерките обука кај познат работодавач со субвенционирано вработување

Програма/ Мерка	Обука кај познат работодавач со субвенционирано вработување	Обука за задоволување на побарувaните занимања на пазарот на труд кај приватни спроведувачи на обука	Практиканство

[7] Дениз Селмани, Анализа на Политиките за претприемништво во Република Македонија за надминување на "ДРУГОСТА" кај Ромите, Центар за Економски Анализи, 2016. Достапно на: http://cea.org.mk/wp-content/uploads/2016/12/CEA-Analiza_DRUGOSTA-WEB-1.pdf

Година	Аплицирани	Склучени договори	Аплицирани	Потпишан договор	Обучени	Пријавени	Склучени договори
2013	0	0	0	0	0	13	2
2014	0	2	0	0	0	12	0
2015	128	5	43	10	4	26	8

Извор: Дениз Селмани, Анализа на Политиките за претприемништво во Република Македонија за надминување на "ДРУГОСТА" кај Ромите, 2016

Табела 10: Број на Роми кои аплицирале и склучиле договор за користење на мерките општинско корисна работа

Програма/ Мерка	Општинско корисна работа		Мотивациони обуки		Анкета за слободни работни места	
Година	Пријавени	Склучени договори	АВРМ- Поддршка за активно барање работа	УСАИД- Подготовка за вработување и за работа, Учење преку работа	Пријавени	Склучени договори
2013	0	0	0	0	3	1
2014	29	16	99	11	0	0
2015	0	32	0	0	0	0

Извор: Дениз Селмани, Анализа на Политиките за претприемништво во Република Македонија за надминување на "ДРУГОСТА" кај Ромите, 2016

Табела 11: Број на Роми кои аплицирале и склучиле договор за користење на програмата за самовработување со кредитирање

Програма/ Мерка	Самовработување со кредитирање		Самовработување со кредитирање на млади до 29 години	
Година	Пријавени	Склучени договори	Пријавени	Склучени договори
2013	12	8	0	0
2014	33	12	19	9
2015	24	11	15	10

Извор: Дениз Селмани, Анализа на Политиките за претприемништво во Република Македонија за надминување на "ДРУГОСТА" кај Ромите, 2016

Од податоците може да се заклучи дека многу мал дел од Ромите се вклучени во активните мерки за вработување, евидентна е потребата во наредниот период да се зголеми нивниот број како би се намалил процентот на невработеност на Ромската заедница.

Што се однесува до вработувањето на Роми во државната администрација, бројот на вработени Роми во државна и јавна администрација е сеуште мал. Според извештајот на Народниот Правобранител може да се забележи дека во периодот 2011-2015 процентот на

вработени Роми во државна и јавна администрација останува ист односно во периодот 2011-2013 процентот на рамноправна и правична застапеност изнесува 1,3%, додека пак во текот на 2014-2015 процентот изнесува 1,4%. Може да се заклучи дека за период од 4 години бројот на вработени Роми во јавна и државна администрација се зголемил за само 0,1 %.[8]

Финансиски средства одвоени од буџетот на Република Македонија, и финансиски средства од донации во периодот 2010-2016


Предвиден буџет			
Година	Буџет	Институции	МТСП
			Социјална Заштита
2016	Државен буџет	Планирано	8,625,000
	Донации	Планирано	11,122,000
2015	Државен буџет	Планирано	10,620,000
	Донации	Планирано	9,300,000
2014	Државен буџет	Планирано	10,616,000
	Донации	Планирано	3,960,000
2013	Државен буџет	Планирано	10,795,000
	Донации	Планирано	4,633,000
2012	Државен буџет	Планирано	11,185,000
	Донации	Планирано	5,092,000
2011	Државен буџет	Планирано	9,175,000
	Донации	Планирано	18,100,000
2010	Државен буџет	Планирано	9,340,000
	Донации	Планирано	11,306,000

Податоци прибрани од Министерство за Финансии

Од табелата може да забележиме дека Владата на Република Македонија за периодот 2010-2016 има предвидено финансиски средства во делот на поддршка за Имплементација на Декадата за Роми во Министерството за Труд и Социјална Политика во износ од 70,356,000 денари и буџет од донации во износ од 63,513,000 денари.

Со ребалансот на буџетите во периодот 2010-2015, планираните финансиски средства во некои од годините се зголемени односно намалени (види табела).

[8] Народен Правобранител на Република Македонија, Извештај за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2015 година. Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/d/spz-2015-Mk.pdf



Од дадениот графикон може да забележиме дека Владата на Република Македонија секоја година издвојува во просек 9,500,000 денари за секоја година додека пак во делот на донации износот се менува секоја година со најмало учество од 5,020,000 денари во 2014-та година и најголемо учество во износ од 18,100,000 денари во 2011та година. Доколку ги анализираме сумите почнувајќи од почетокот на 2010 може да забележиме дека финансиските средства од донации генерално се намалуваат.

Буџет според завршна сметка			
Година	Буџет	Институции	МТСП социјална заштита
2016	Државен буџет	Планирано	8,625,000
		Реализирано	-
	Донации	Планирано	11,122,000
		Реализирано	-
2015	Државен буџет	Планирано	9,276,000
		Реализирано	8,316,921
	Донации	Планирано	11,100,000
		Реализирано	7,067,608
2014	Државен буџет	Планирано	9,398,000
		Реализирано	9,279,783
	Донации	Планирано	5,020,000

		Реализирано	3,975,861
2013	Државен буџет	Планирано	10,133,000
		Реализирано	9,052,391
	Донации	Планирано	7,498,000
		Реализирано	3,213,141
2012	Државен буџет	Планирано	9,495,000
		Реализирано	8,681,274
	Донации	Планирано	5,029,000
		Реализирано	3,386,073
2011	Државен буџет	Планирано	9,175,000
		Реализирано	7,307,120
	Донации	Планирано	18,100,000
		Реализирано	5,418,333
2010	Државен буџет	Планирано	9,340,000
		Реализирано	8,120,691
	Донации	Планирано	15,146,000
		Реализирано	5,327,199

Податоци прибрани од Министерство за Финансии

Според завршните сметки за периодот 2010-2015 вкупно износ на планирани средства изнесува 118,710,000 денари или 56,817,000 денари од државниот буџет и 61,893,000 денари од донации. Од табелата може да забележиме дека искористеноста на финансиските средства изнесува 79,146,395 денари или 67%, доколку пак износот на нереализирани средства изнесува 39,563,605 или вкупно 33% на нереализирани средства што претставува релативно висок процент на неискористеност. Од државниот буџет за периодот 2010-2015 износот на нереализирани средства изнесува 6,058,820 денари или 11% на неискористеност. Од донациските средства вкупниот износ на нереализирани средства изнесува 33,504,785 денари или 54% на неискористеност. Од тука може да забележиме дека искористеност на финансиските средства од државниот буџет генерално се искористени додека дури половина од финансиските средства од донации остануваат неискористени.



Домување

Во однос на јавните политики во доменот на домувањето, Владата на Република Македонија усвои неколку мерки со цел да се подобри домувањето на Ромите во Македонија. Некои од преземените мерки коишто се во корист на Ромското население се: легализацијата на диво изградени објекти, инклузија во социјални програми за домување, и доделување на државно земјиште за изградба на нови живеалишта.[9]

На локално ниво, дел од општините во Македонија заедно со ромскиот невладин сектор усвоија акциони планови со цел да се пренесат активностите од централно на локално ниво и како би се искористиле дел од одвоените финансиски средства во однос на домување на локално ниво. За жал поголемиот дел од иницијативите остануваат само на хартија.

[9] Samet Skenderi, Roma housing and social integration in Republic of Macedonia, Roma Decade Focal Point, 2014.

Следните информации во врска со спроведени проекти се преземени од страна на Министерството за Труд и Социјална Политика

Проекти во областа на комуналната инфраструктура

Во предметниот период имплементирани се вкупно 38 проекти, во 15 општини, со вкупна вредност од 44. 116. 095 денари. Истата се реализираше по потпишувањето на Меморандум за соработка помеѓу НКИДСР и 17 ЕЛС.

Вкупната сума на предвидени средства за истиот период изнесувала 45.707.927,00 денари.

Се забележува дека поголемите општини, како и оние во кои бројот на Ромско население е значителен (Битола, Прилеп, Штип, Кочани), искористиле поголем дел од средствата.

Иако степенот на искористеност на средствата е висок, сепак може да се констатира дека се уште постои значителна потреба од интервенции во областа на инфраструктурата, а со тоа и финансиски средства (од буџетски и други извори), за да се дојде до состојби кои би биле задоволителни и кои ќе обезбедат подобар квалитет на живеење на Ромите во овие градски населби

Во прилог следи табелата во која се поместени податоците за општините корисници на фондови преку проекти поддржани од НКИДСР и Министерството за транспорт и врски, распределени по години за периодот 2009 – 2013 година.

	Година					
Општина	2009	2010	2011	2012	2013	***Вкупно***
Шуто Оризари	3.487.927,00					**3.487.927,00 МКД**
Прилеп		2.000.000,00	900.000,00	1.000.000,00	927.922,50	**4.827.922,50 МКД**
Битола		1.394.000,00	2.086.000,00	1.781.410,00	1.500.000,00	**7.301.410,00 МКД**
Куманово		1.000.000,00				**1.000.000,00 МКД**
Берово					1.000.000,00	**1.000.000,00 МКД**
Делчево		500.000,00	800.000,00			**1.000.000,00 МКД**
Кочани		1.000.000,00	1.000.000,00	1.000.000,00	2.000.000,00	**5.000.000,00 МКД**
Виница		500.000,00		1.000.000,00	1.500.000,00	**2.000.000,00 МКД**
Велес		1.000.000,00		1.000.000,00		**2.000.000,00 МКД**
Горче Петров			500.000,00			**500.000,00 МКД**
Карпош		500.000,00				**500.000,00 МКД**
Гази Баба		500.000,00	1.500.000,00	1.000.000,00	1.000.000,00	**4.000.000,00 МКД**
Чаир		500.000,00	1.700.000,00			**2.200.000,00 МКД**
Кичево		500.000,00	1.000.000,00			**1.500.000,00 МКД**

Дебар	500.000,00				**500.000,00 МКД**
Пробиштип				798.835,00	**798.835,00 МКД**
Штип	1.000.000,00	1.500.000,00	3.000.000,00	1.000.000,00	**6.500.000,00 МКД**
				Вкупно	**44.116.094,50 МКД**

Преземено од МТСП - Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020

Од приложеното може да се констатира дека во периодот 2009 – 2013 година, најмногу напори и средства се вложени во подобрување на постоечката и изградба на нова комунална инфраструктура во населбите во кои живеат Роми

Домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674

Во тек на имплементација Проектот за домување на социјално ранливи групи - Ф/П 1674, кој се финансира делумно со заем во износ од 25.350.000 Евра од Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем Ф/П 1674 (2009), и со средства во износ од 25.350.000 евра од Буџетот на Република Македонија, за изградба на вкупно 1.754 социјални стана во 33 станбени згради во 26 града на територијата на Република Македонија.[10]

Реализацијата на проектот е во период од 2007 до 2016 година.

Распределбата на изградените станови се врши согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за распределба на социјални станови како и условите за нивно користење изградени според Програмата за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/09 и 122/10).

Согласно со оваа одлука, а и по иницијатива на НКИДСР, корисници на социјални станови можат да бидат 7 категории на граѓани, лица во социјален ризик и други ранливи групи, кои се станбено необезбедени, меѓу кои е категоријата, лица социјално загрозени припадници на ромската заедница (согласно со Стратегијата за Ромите на Република Македонија 2005).

Согласно објавениот оглас во **2009 година** за распределба на становите изградени по Проектот за домување на социјално ранливи групи - Ф/П 1674[11], по податоците добиени од Комисијата за распределба на овие станови при Министерството за транспорт и врски со

[10] Коалиција на граѓански организации составена од следните организации: ИнСоК, Месечина, Сонце, Амбрела, Извештај на граѓанското општество за имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија и Акционите планови за Декадата во Македонија, 2012.

[11] Изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи, Проект за домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674 (2009). Достапно на: http://www.adsdp.mk/adsdpmk/index.php?option=com_content&view=article&id=339&Itemid=287

распределба на становите во Градот Скопје населба Ѓорче Петров, од 102 изградени стана во два објекти за ромски семејства распределени се и вселени во 2010 година 19 стана, а во Македонска Каменица се вселени 29 стана, но на огласот за распределба се немаат пријавено лица од ромската заедница.

Со огласот објавен во **2010 година** за распределба на становите изградени по Проектот за домување на социјално ранливи групи - Ф/П 1674, во Охрид - 71 стан, Кичево - 32 стана, Кавадарци - 30 стана, Кочани - 29 стана и 46 стана во Крива Паланка, становите се распределени и во 2011 година вселени, од кои за припадници на Ромската заедница кои аплицирале во сите категории, во објектот во Охрид се распределени 10 стана, во Кичево 4 стана, Кавадарци 9 стана, Кочани 7 стана и Крива Паланка 12 стана.

Согласно **со** Проект за домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674, по завршување на објавените огласи во **2012 година** за становите во изградените објекти во Битола со 78 стана, во Штип со 91 стан и во Берово со 51 стан, од страна на Комисијата за распределба на овие изградени вкупно 220 социјални станови, наменети за домување на социјално ранливи групи станбено необезбедени, објавени се конечните ранг листи за лицата на кои им е распределен стан.[12]

- Штип 91 стан, за ромски семејства распределени се 15 стана;
- Битола 78 станови, за ромски семејства распределени се 12 стана; и
- Берово 30 станови, за ромски семејства распределени се 14 стана.

Од изградените и распределени станови до 2013 година, 11 објекти со 559 стана, за семејства припадници на ромската заедница распределени се 102 стана под закуп, во сите седум категории социјално ранливи групи, утврдени со Одлуката на Владата на Република Македонија.

Во 2013 година со градба се отпочнати 3 (три) објекти во Прилеп со 76 стана, во Демир Хисар со 25 стана во Ресен со 18 стана.

Според податоците од теренската работа на граѓанските организации и РИЦ, дел од ромските семејства не успеваат да ја приложат потребната документација: последна платена сметка за електрична енергија или пак правно нерегулирани сопственички односи на домовите, престојување во живеалишта под наем за кои односите со сопствениците не се

[12] Хелсиншки Комитет за Човекови Права во Македонија, Анализа помеѓу имплементација и реалност на националната стратегија за инклузија на Ромите- Декада на Роми 2005-2015, 2014.

соодветно регулирани. Ова се само дел од причините кои оневозможуваат некои од припадниците на ромската заедница да бидат корисници на субвенциите.

Финансиски средства одвоени од буџетот на Република Македонија, и финансиски средства од донации во периодот 2010-2016

Предвиден буџет			
Година	Буџет	Институции	Транспорт и Врски Администрација
2016	Државен буџет	Планирано	10,000,000
	Донации	Планирано	-
2015	Државен буџет	Планирано	10,000,000
	Донации	Планирано	-
2014	Државен буџет	Планирано	10,000,000
	Донации	Планирано	-
2013	Државен буџет	Планирано	10,000,000
	Донации	Планирано	-
2012	Државен буџет	Планирано	10,000,000
	Донации	Планирано	-
2011	Државен буџет	Планирано	10,986,000
	Донации	Планирано	-
2010	Државен буџет	Планирано	5,000,000
	Донации	Планирано	-

Податоци прибрани од Министерство за Финансии

Од табелата може да забележиме дека Владата на Република Македонија за периодот 2010-2016 има предвидено финансиски средства во делот на поддршка за имплементација на декадата за Роми во Министерството за Транспорт и Врски во износ од 65,986,000 денари.

Со ребалансот на буџетите во периодот 2010-2015, планираните финансиски средства во некои од годините се зголемени односно намалени (види табела).



Од дадениот графикон може да забележиме дека Владата на Република Македонија секоја година издвојува во просек 10,000,000 денари за секоја година. Мала промена може да се забележи во текот на 2011-та година каде финансиските средства се за мал процент зголемени од просекот односно намалени во текот на 2012-та година.

Според завршните сметки за периодот 2010-2015 вкупно износ на планирани средства изнесува 59,907,000 денари. Од табелата може да забележиме дека релативно мал дел од предвидените финансиски средства останале нереализирани, односно процентот на искористеност е релативно висок. Вкупниот износ на нереализирани финансиски средства за периодот 2010-2015 изнесува 1,233,867 денари односно само 2% од вкупниот буџет останал нереализиран.

Буџет според завршна сметка			
Година	Буџет	Институции	Транспорт и Врски
			Администрација
2016	Државен буџет	Планирано	10,000,000
		Реализирано	-
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2015	Државен буџет	Планирано	10,000,000
		Реализирано	9,972,409
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-

2014	Државен буџет	Планирано	10,000,000
		Реализирано	9,999,999
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2013	Државен буџет	Планирано	10,000,000
		Реализирано	9,726,758
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2012	Државен буџет	Планирано	9,027,000
		Реализирано	8,808,410
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2011	Државен буџет	Планирано	10,986,000
		Реализирано	10,971,344
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2010	Државен буџет	Планирано	9,894,000
		Реализирано	9,194,213
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-

Податоци прибрани од Министерство за Финансии



Здравство

Поради недостатокот на сегрегирани податоци по етничка основа во делот на здравството, тешко е да се детерминира актуелната состојба во однос на здравјето на Ромската заедница. Токму поради овој недостаток не е можно да се креира долгорочно и одржливо решение за пристап на Ромите до здравствени услуги.

Што се однесува до јавните политики во здравството може да се нотира дека не постојат некои посебни мерки коишто би го подобрил пристапот на Ромите до здравствените услуги. Имајќи во предвид дека најчесто Ромите не го остваруваат своето право или го губат право на здравствено осигурување поради не поседување на навремени и релевантни информации, па така може да се напомене дека честите законски измени на Законот за здравствено осигурување се гледаат како негативен ефект кон ромската заедница. Имено во текот на 2013 година со измените на Законот за здравствено осигурување се наметна обврска на граѓаните да поднесуваат пријави за остварени приходи за претходна година, со кој треба да се потврди дека осигурениците немаат повисоки примања од 96.000 денари. Се нотира[13] дека дури 50% од евидентираните осигуреници го изгубиле своето право на здравствено осигурување поради не доставување навремена пријава за остварени приходи.

Финансиски средства одвоени од буџетот на Република Македонија, и финансиски средства од донации во периодот 2010-2016

Предвиден буџет			
Година	Буџет	Институции	Мин. за Здравство
			Поддршка на имплементација на Декадата за Роми
2016	Државен буџет	Планирано	2,500,000
	Донации	Планирано	-
2015	Државен буџет	Планирано	3,500,000
	Донации	Планирано	-
2014	Државен буџет	Планирано	3,500,000

[13] Министерство за Труд и Социјална Политика во соработка со Националниот Координатор на Декадата и Стратегијата за Роми 2014-2020, 2014.

	Донации	Планирано	-
2013	Државен буџет	Планирано	1,000,000
	Донации	Планирано	-
2012	Државен буџет	Планирано	204,000
	Донации	Планирано	-
2011	Државен буџет	Планирано	204,000
	Донации	Планирано	-
2010	Државен буџет	Планирано	300,000
	Донации	Планирано	-

Податоци прибрани од Министерство за Финансии

Од табелата може да заклучиме дека Владата на Република Македонија за периодот 2010-2016 има предвидено финансиски средства во делот на поддршка на имплементација на декадата за Роми во Министерството за здравство во износ од 10,708,000 денари.



Од дадениот графикон може да забележиме дека Владата на Република Македонија ги зголемила финансиските средства за поддршка на декадата за повеќе од 100%. Имено може да се забележи дека во текот на 2010-2012 износот на планиран финансиски средства не надминува 500.000 денари. Од почетокот на 2013 финансиските средства значајно се зголемуваат и достигнуваат сума во износ од 3,500,000 денари за 2014-2015-та година.

Од табелата може да забележиме дека во завршната сметка за периодот 2010 - 2011 нема податок за реализација на планираните финансиски средства, се претпоставува дека истите средства не биле искористени од страна на Министерството за здравство. Исто така од

графиконот може да се забележи дека од почетокот на 2012-та година буџетот за подршка на имплементација на декадата на Роми е значително зголемен достигнувајќи 3,500,000 денари во 2014-2015-та година.

Буџет според завршна сметка			
Година	Буџет	Институции	Мин. за Здравство
			Поддршка на имплементација на Декадата за Роми
2016	Државен буџет	Планирано	2,500,000
		Реализирано	-
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2015	Државен буџет	Планирано	3,500,000
		Реализирано	2,774,610
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2014	Државен буџет	Планирано	3,500,000
		Реализирано	1,394,896
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2013	Државен буџет	Планирано	2,000,000
		Реализирано	1,371,361
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2012	Државен буџет	Планирано	1,204,000
		Реализирано	559,991
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2011	Државен буџет	Планирано	204,000
		Реализирано	-
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-
2010	Државен буџет	Планирано	300,000
		Реализирано	-
	Донации	Планирано	-
		Реализирано	-

Податоци прибрани од Министерство за Финансии

Но и покрај зголемувањата на финансиските средства може да забележиме дека половина од нив секоја година останууваат нереализирани.

Според графиконот може да забележиме дека за 2014-та година останале нереализирани средства од вкупно 2,105,104 денари. Доколку ги споредиме планираните финансиските средства кои беа во износ од 10,708,000 денари и износот на нереализирани средства во износ од 4,607,142 денари, може да се заклучи дека 43% од планираните средства останале нереализирани што претставува скоро половина од вкупно планираниот буџет за поддршка на декадата за Роми во однос на здравството.



Буџет издвоен за Декадата на Роми во период 2010-2015



Од графиконот може да се забележи дека вкупниот буџет одвоен за Декадата на Роми изнесува 191,478,000 денари или приближно 3,139,000 евра за периодот 2010-2015 година. Вкупниот буџет на средства од донации изнесува 110,695,441 денари или приближно 1,815,000 евра. Позитивната страна е тоа што од почетокот на 2012 година државата издвојува повеќе финансиски средства од буџетот на РМ, а со тоа вкупниот износ на финансиски донации е преполовен во однос на државниот буџет, што значи дека државата извојува за половина повеќе финансиски средства за разлика од средствата од донации. Таков не е случајот во периодот 2010-2011 и порано каде во некои од годините, износот на финансиски средства од донации беа повисоки за разлика од средствата издвоени од буџетот на РМ, односно во некои од годините издвоените финансиски средства од буџетот на РМ се за мал процент поголем од финансиските средства од донации. Сепак генерално може да се заклучи дека за комплексната и тешка состојба во која што се наоѓа ромската заедница износот од 3,139,000 евра за пет години е навистина мал. Дополнителна негативна страна на издвоените средства е тоа што голем процент од овие средства коишто биле предвидени не се целосно потрошени (детали во следниот графикон)



Од графиконот може да се забележи дека вкупниот износ на нереализирани финансиски средства од државниот буџет за периодот 2010-2015 изнесува вкупно 30,988,458 денари или приближно 508,000 евра. Додека пак вкупниот износ на нереализирани финансиски средства од донации изнесува вкупно 55,349,327 денари или приближно 907,367,000 евра. Доколку нереализираните финансиски средства ги споредиме со вкупниот износ на предвидени средства може да забележиме дека износот на нереализирани финансиски средства од буџетот на РМ за периодот 2010-2015 изнесува 16,2%. Додека пак процентот на нереализирани финансиски средства од донации изнесува 50% односно половина од предвидените финансиски средства од донации останале нереализирани. Негативна страна е тоа што трендот на нереализирање на финансиски средства од буџетот на РМ од година во година се зголемува. За разлика од државниот буџет кај средствата од донации може да забележиме дека најголема неискористеност имало во периодот 2010-2011, каде веќе од почетокот на 2012 износот на неискористени средства се преполовува и во наредните години 2013-2015 останува приближно ист. Генерален заклучок е дека дури 29% од вкупните финансиски средства од буџетот на РМ и донации останува неискористен.

Анти-дискриминација

Донесувањето на Охридскиот Рамковен Договор може да се смета како стратегија за намалување односно надминување на дискриминацијата по етничка припадност врз заедниците коишто живеат во Република Македонија. Имено со Охридскиот Рамковен Договор се воведува принципот на еднаква и правична застапеност на сите заедници коишто живеат во Република Македонија. Со Охридскиот Рамковен Договор се бара недискриминација и еднаков третман на сите пред законот правична застапеност при вработувањето во државна и јавна администрација како и пристап до јавно финансирање.

Во 2010 година беше усвоен Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој почна да се применува од 1.1.2011 година. По донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација се формираше и Комисија за заштита и спречување од дискриминација која е надлежна да го спроведува Законот. Оваа комисија ја има клучната улога во спречување и заштита од дискриминација како и промовирање еднаквост на граѓаните на Република Македонија.

Дискриминацијата се дефинира како: секое разликување, исклучување, ограничување или нееднакво постапување или непостапување, мотивирано од основите што се спомнати (кои постојат во моментот, или постоеле порано, а не постојат во моментот, или можат да постојат во иднина, или кои се препишуваат на одредено лице), а кое има за цел или резултира со оневозможување или отежнување на признавањето уживањето или практикувањето од страна на сите лица врз еднаква основа на сите права и слободи, односно во понеповолен третман на едно лице во однос на друго во слична ситуација.

Во македонската практика според Законот, како дискриминаторско однесување се смета: секое активно или пасивно однесување од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица во јавниот живот и јавните сектори, кое создава основи за привилегирање или депривилегирање на неоправдан начин на лице, на група лица, или на заедница или кое ги изложува на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица, групи лица или заедници во слична ситуација базирано на некој дискриминирачки основ. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го презентираше извештајот

за 2012 година и посочи дека Ромите се нај-дискриминирана етничка заедница но и дека најголем број претставки кои биле поднесени по основ на етничка дискриминација биле поднесени од Роми[14]. За жал и после шест години од воведувањето на Законот за заштита од дискриминација, само неколку случаеви добија позитивно мислење од страна на Комисијата за Заштита од Дискриминација. Во однос на работата на Комисијата може да се напомене дека претставките поднесени по основ на етничка дискриминација, односно дискриминација врз Роми се процесираат и се одлучуваат надвор од законски предвидениот рок. Иако Комисијата според Закон има надлежност да поведе постапка пред надлежен суд по основ на дискриминација, таква иницијатива од страна на Комисијата сеуште не е преземена. Во однос на составот на членови на Комисијата за Заштита од Дискриминација, треба да се напомене дека ниту во сегашниот состав, а ниту во претходниот нема член кој припаѓа на Ромската заедница во Република Македонија.

Во текот на 2014-та година беше донесена и првата пресуда[15] од страна на Основниот Суд Скопје 2, Скопје, со која се утврди дискриминација врз основа на Законот за заштита и спречување од дискриминација. Судот со пресудата утврди дискриминација и повреда на правото на еднаквост. Имено пресудата е донесена против полициски службеник вработен во Министерството за Внатрешни Работи, кој на лицето од Ромска националност не му дозволил да ја напушти Република Македонија, под претпоставка дека лицето ќе го злоупотреби безвизниот режим. По оваа пресуда беа донесени уште неколку позитивни пресуди во врска со враќањето на Роми од граничните премини во Република Македонија. Сепак може да се заклучи дека со оглед на степенот на дискриминација со која се соочува ромската заедница, бројот на пресуди и поднесени тужби е релативно мал.

[14] Елвис Шаќири, Комисијата за заштита и спречување од дискриминација и нејзиниот капацитет за решавање на ромските претставки, Ромалитико 2012. Достапно на: http://romalitico.org/new/index.php/mk/sodrzina/pravo/item/15-komisijata-za-zashtita-i-sprechuvanje-od-diskriminacija-i-nejziniot-kapacitet-za-reshavanje-na-romskite-pretstavki

[15] Академик, Донесена првата пресуда во РМ со која се утврдува дискриминација. Достапно на: http://www.akademik.mk/padna-prvata-presuda-vo-rm-so-koja-se-utvrduva-diskriminatsija-granichni-sluzhbi-iskluchivo-vrz-osnova-na-natsionalnata-pripadnost-zakluchile-zloupotreba-na-vizniot-rezhim-4/

Родова Еднаквост

Во националниот акциски план за родова еднаквост 2013-2016 жената Ромка е само еднаш напомената во делот на специфични акции во областа на здравството со активност "**Истражување за знаењата, вештините и праксата на жените Ромки за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје".** Овој податок говори за заложбата на државата во однос на родова еднаквост на жената Ромка во македонското општество.[16]

Во текот на 2011-2013 МТСП изготви акциски план чии активности се однесуваат на:

- Зголемени можности за интегрирање на пазарот на трудот преку навремено информирање на целната група со соодветни модели адаптирани на потребите ;
- Подобрување на пристапот до примарната здравствена заштита преку зголемена информираност и свесност за потребата од превенција и отворање на гинеколошки ординации во општини со значителен број на Роми ;
- Зголемување на бројот на Ромки со завршено основно и средно образование преку детекција на точен број на осипани Роми и Ромки и нивно вклучување во образовниот процес;
- Еднакви можности и еднаков пристап во остварувањето на човековите права на жените Ромки.

Активностите предвидени во Националниот Акционен План за подобрување на социјалната положба на жената Ромка е интегрирана во неколку стратешки документи како на пример: Националната стратегија за родова еднаквост и Националната стратегија за еднаквост и недискриминација

Националната Стратегија за Еднаквост и Недискриминација[17] опфаќа посебна стратешка цел (IV) која се однесува на подобрување на статусот на припадниците на не-мнозинските заедници (со посебен фокус) на ромската заедница корисници на социјална помош и

[16] Министерство за Труд и Социјална Политика, Национален Акционен План за Домување 2016-2020.
[17] Министерство за Труд и Социјална Политика, Национална стратегија за еднаквост и недискриминација по основ на етничка припадност, возраст, ментална и телесна попреченост и пол 2012-2015.

пристап до здравствени услуги. Како дел од активностите на оваа стратешка цел се наведуваат: креирање на посебни програми за подобрување на статусот на припадниците на не-мнозинските заедници корисници на социјална помош, иницирање на истражувања кои ќе ги детектираат нивните интереси и потреби и олеснување на пристапот на жените Ромки до загарантирана здравствена заштита.

Во стратешката цел (V) која се однесува на еднакви можности на етничките заедници за домување со еднаков пристап до инфраструктура вработување и образование, се наведуваат акции кои се насочени кон подигање на свеста за задолжително образование со посебен фокус на посебните причини за осипување на машките и женските лица од ромска националност.

Во 2010 се усвои вториот Национален акциски план за унапредување на општествената состојба на жени Ромки во Република Македонија, со цел континуирано интегрирање на оваа целна група во општествените текови, при што како приоритетни области се опфатени вработувањето, здравството, образованието и човековите права.

Според оперативниот на МТСП за 2010 предвидени се активности во неколку приоритетни области. Според документот унапредувањето на положбата на жената Ромка се одвива преку помош при вработување (преку обуки), вклучување во образовниот систем преку образовани кампањи и обезбедување на здравствено осигурување на жени Ромки само во 5 општини.

Не еднаквиот третман кон жената Ромка од страна на институциите и аспектот на човекови права се одвиваше преку подигање на свеста на државните и јавни службеници за нееднаквиот третман кон жената Ромка. Што се однесува до политичкото учество на жената Ромка се предвиде едукација на жените Ромки за подигање на политичката култура како и стипендирање на млади Ромки за студии на политички науки.

Сепак, и покрај донесување на одредени закони во оваа насока, како што се Законот за Еднакви Можности, Законот за Заштита од Дискриминација, Изборниот Закон кои делумно го намалија јазот на застапеноста на жената во институциите, останува сеуште нееднаквата позиција во однос на останатите политики поврзани со вработувањето како што се: процесот на регрутирање и селекција, јазот во платите, вклученост на жените во раководни

позиции, дискриминација на работното место и сл. Донесувањето на законската регулатива, подразбира и соодветна имплементација и одвојување на средства за спроведување на позитивните мерки пропишани во законот за еднакви можности и останатата регулатива. Со исклучувањето на жените од одлучувачките тела се ограничуваат и можностите за зацврстување на основните принципи на демократијата во едно општество. Воедно, ваквото ограничување има голем ефект кон економскиот развој и придонесува до обесхрабрување кај жените за постигнување на родова рамноправност.

Што се однесува до позицијата на жената Ромка во општеството, состојбата е генерално полоша во споредба со останатите етнички заедници. Според извештајот во сенка за позицијата на жената Ромка[18], се напоменува дека позицијата на жената Ромка е неповолна во однос на неколку компоненти и тоа:

Ромките и понатаму се соочуваат со отежнат пристап до вработување. Постоечките програми и мерки за вработување не се дизајнирани на начин кој ќе одговори на потребите на Ромките и дека се потребни мерки за обезбедување на нивна достапност. Потврда за несоодветноста на постоечките програми за вработување се и објавените повици за проекти за поттикнување на вработеноста на малцинските жени финансирани од пред-пристапната помош на Европската Комисија. Нема јавно достапни информации за исходот од овие повици, односно за проектите и ефектите од нивното спроведување.

Политичка партиципација

Демократијата во државата овозможи ромската заедница да учествува и придонесува во градењето на политичко-правниот систем на државата. Имплементацијата на предусловите и транзицијата кон демократија на државата придонесе и Ромите преку политички партии да бидат дел од донесувачите на одлуки на државно и локално ниво. Со ова, ромските субјекти, вклучувајќи ги и политичките партии, придонесоа за развојот на политичката

[18] Извештај во сенка на имплементацијата на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената, 2012. Достапно на : https://goo.gl/TAUual

култура и општеството на Република Македонија. Со осамостојувањето на државата, Ромите како малцинство учествува во сите коалиции што формираат влада низ годините. Исто така, во коалициите имале еден или максимум двајца политички претставници во Собранието на Република Македонија. На последните парламентарни избори во 2016, Ромите добија двајца пратеници, Амди Бајрам од редовите на Сојузот на Ромите и Курто Дудуш од редовите на СДСМ.

Во 2016, регистрирани се седум активни Ромски политички партии. Од вкупно седум политички партии, шест политички партии (Сојузот на Ромите во Македонија, Демократски Сили на Ромите, Обединета Партија за Еманципација на Ромите, Партијата за Интеграција на Ромите, Роми Обединети на Македонија и Демократската Партија на Ромите) се во коалиција со владејачката партија која формира влада заедно со останатите партии. Додека пак една партија (Партијата за Целосна Еманципација на Ромите) е во опозиција заедно со останатите партии кои коалицираат со втората по големина македонска партија и другите.

Учеството на жената Ромка во политичкиот и јавниот живот е на ниско ниво и во однос на претходната состојба нема видливи промени. Ниту една жена Ромка не е избрана на парламентарните и локалните избори, ниту пак е именувана на позициите министер и заменик министер. Во однос на советничките места, треба да се спомене дека четири жени Ромки од вкупно 19 советници биле избрани во Шуто Оризари на последните локални избор.

Табела 13: Број на жени Ромки советнички во советот на Град Скопје

Роми советници мандат 2013-2017 Град Скопје		Вкупен број на советници	Процентуална застапеност на жени Ромки	Процентуална застапеност на мажи Роми	Процентуална застапеност на Роми
Мажи	Жени				
1	2	45	6,66%	2,22%	8,88%

Исто така Ромки советнички на локално ниво има и во Општина Штип и Општина Гази Баба.

Заклучоци и препораки

Националните Акциони Планови за Социјална Инклузија најчесто се засноваат само врз основа на проекти без притоа да се превеземе сеопфатен и систематски, и одржлив пристап за вклучување на Ромите во општеството. Од погоре наведените информации може да забележиме дека постои отсуство на јасни цели, одговорности, точни индикатори и недостаток на системи за мониторирање на спроведените активности. Затоа се потребни суштински промени во делот на практиката и имплементацијата на сите политики кои ги таргетираат Ромите. Состојбата во којашто се наоѓаат Ромите е комплексна и тешка, поради тоа потребен е мултидимензионален пристап од повеќе фактори со цел да се постигне позитивен резултат.

Прашањето на човековите права треба да се стави во центарот на сите политики за вклучување на Ромите, бидејќи конечната цел на секоја јавна политика е да се гарантира остварување на човековите права за сите лица и треба да содржи гаранција за нивната благосостојба и социјален напредок. Затоа, и во согласност со CERD[19] Општа препорака XXVII за дискриминација врз Ромите се вели дека, политиките за Ромите и проекти треба да се засновани врз база на човековите права (ПЗЧП) и учеството на Ромите мора да биде во центарот на политики кои треба да се фокусираат пред се на локално ниво, и да бидат повеќе одговорни, транспарентни, и ориентирани кон резултати.
Со цел да се постигнат одржливи резултати Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација во генералниот коментар 27 дава јасни општи и конкретни препораки по кои треба државите да се водат при креирање на јавни политики за Роми.

- Вклучување на ромската заедница, здруженијата и нивните претставници во најраните фази за развој и имплементација на програми и политики кои ги засегаат Ромите како и да обезбедат соодветна транспарентност за ваквите политики и програми

[19] UN Committee on the Elimination of Racial Discrimination (CERD), CERD General Recommendation XXVII on Discrimination Against Roma, 16 August 2000, available at: http://www.refworld.org/docid/45139d4f4.html

- Да се развијат и имплементираат политики и проекти кои имаат за цел да ја избегнат сегрегацијата на ромската заедница во областа на домување; да ја вклучат заедницата и здруженијата како партнери во креирање на проекти за домување, рехабилитација и одржување
- Организирање на тренинг програми за Роми јавни службеници кои ќе имаат за цел да ги подобрат нивните вештини во однос на креирање на политики, учество во политика и администрација
- Во сите планирани и имплементирани програми и проекти, и во сите усвоени мерки треба да се земе во предвид состојбата на жената Ромка која е жртва на двојна дискриминација

За да се избегне дискриминаторски пристап кон останатите (не-Роми) во Стратешкиот документ 2005-2015 е содржана препорака "сите мерки и политики кои локално се преземаат за Ромите, во случај да постојат и други групи на население, кои исто така се наоѓаат во таква или слична положба, да се применуваат и за тие категории население. Ова е нужно за да се избегнат евентуални негативни реакции за наводно фаворизирање на Ромите во однос на другите".[20]

Новиот програмски период 2014-2020 година претставува можност да се направат значителни подобрувања и да се овозможуваат различни опции за поттикнување на вклучување на Ромите.

Во делот на одвојувањето на буџетските средства и донации се забележува недоволна алокација на финансиски средства за Ромите, особено во делот на домувањето и здравството. Финансиските средства кои веќе се издвоени дел остануваат неискористени од страна на надлежните министерства. Од информациите произлегува дека најголем дел од мерките коишто се преземени во државата се сведени на проекти и активности кои се краткорочни и немаат интегриран фокус. Со други зборови може да се каже дека досегашното вклучување на Ромите во општеството е базирано само врз основа на проекти, наместо со одржливи и интегрирани програми.

[20] Министерство за Труд и Социјална Политика, Стратегија за Ромите во Република Македонија, 2005, стр.22. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/wbstorage/files/strategija_romi.pdf

Ромските организации се институционално слаби и често немаат платформи, средства и со тоа им се скратува можноста да се вклучат во креирањето на политиките, имплементацијата и мониторинг.

Најголемите слабости се однесуваат на недостигот на приоритети во ромските планови и стратегии од страна на надлежните власти, недостигот на прецизни цели, конкретни мерки и индикатори, мал дел на финансиски средства од буџетите, неразвиен системи за следење и евалуација. Покрај тоа, перспективата за човековите права недостасува во повеќето планови. Позитивно е тоа што во Република Македонија се основа посебно Министерство кое е надлежно да ја води декадата.

- Во областа на образованието, иако е направен напредок (особено во пристапот до образование во раното детство и заштита), многу повеќе треба да се направи за да се намалат образовните недостатоци со кои се соочуваат Ромите
- Во областа на вработувањето, и покрај успехот на некои мерки, некои поголеми ефекти се уште не се постигнат на теренот. За да се затвори јазот за вработување помеѓу Ромите и не-Ромите, државата ќе треба истовремено да ја таргетира понудата и побарувачката на пазарот на трудот
- Во областа на здравството, социјално осигурување се уште не е проширено за сите Роми.- потребна е поголема алокација на финансиски средства за Роми
- Во областа на домувањето, проектите од мал обем нудат корисни и позитивни примери на политики кои треба да се продолжат со цел да се донесе очекуваните резултати, (пример легализација на дивоизградени објекти)

Како што е објаснето во претходното поглавје, вклучувањето на Ромите бара мултидимензионален пристап; причината за не постигнување суштински резултати е поврзана со многу фактори.

Од делот на здравството може да утврдиме дека не е можно да се направи некоја подолгорочна и одржлива стратегија поради немањето на сегрегирани податоци. Сите податоци со коишто располага Министерството се прибрани податоци од страна на ромскиот невладин сектор. Затоа во сите политики кои се однесуваат на Ромите најнапред потребно е да се направи детално мапирање со податоци коишто ќе им помогнат на властите при креирањето на политики за Роми. Исто така уште многу треба

да се направи во смисла на дизајнирање на нови алатки, навремено следење на напредокот и пренесување на модели кои се имаат докажано како позитивни и кои можат да допринесат за значителни резултати.

Несоодветниот пристап на голем број на политики често резултираат со неефикасни резултати кои се должат на:

- Недостатокот на сеопфатен систематски и одржлив пристап
- Недостатокот на ефикасна посветеност од страна на јавните органи на национално и на локално ниво, како и недостаток на политички консензус, резултира програмите и плановите да не се одржливи на долг рок
- Фокусот на одредени мерки се повеќе на активности отколку на ефективни резултати
- Слабиот институционален капацитет на јавната администрација, но исто така и на ромски организации, доведува до недостаток на лидерство, недоволна распределба на ресурси или недоволна искористеност на истите

За политиките наменети за Роми да станат ефективни потребно е:

- вклучување на граѓанското општество, како и локалните власти во проектирање, имплементација и мониторинг на стратегиите со цел да се обезбеди насочен пристап; ова вклучување не може да се сведе на повремени консултации како што е случајот сега, но треба да се трансформира во ефективна партнерство кој ќе се должи на градење на капацитетите и поддршка. Досега ромскиот невладин сектор беше консултиран само за одредени планови и беше искористен само за консултација. Затоа вклучувањето на локално ниво бара не само консултација туку целосно учество во сите фази на процесот на креирање политики: планирање, спроведување, следење и евалуација
- Постои потреба да се постигне подобра координација меѓу организациите, врз основа на нивната специјализација, со цел да се избегне дуплирање, да споделуваат меѓусебни информации и активно да се вклучуваат во мониторинг на јавните политики за Роми
- Одвојување на поголем процент на финансиски средства од државниот буџет особено во делот на домување и здравство. Исто така потребно е финансиските

средства да се алоцираат на локално ниво со цел да се постигнат значителни резултати на терен

- Потребна е максимална искористеност на асоцираните финансиски средства
- И покрај зголеменото учеството на Ромите во политиката, нивното учество во креирање на јавни политики останува да биде предизвик. Ромите - вклучувајќи ги и жените Ромки - мора да бидат активно ангажирани од фаза на развој на политика и понатаму. Ефективноста на политиките ќе се зајакне само преку вклучување на Ромите во секоја фаза од процесот

Со цел да се подобри учеството на Ромите во креирањето на јавни политики потребно е:

- Да се зајакнат капацитетите на Ромите, бидејќи како носители на права доколку немаат доволно капацитет да ги истакнат нивните побарувања, тогаш државата или трета страна ќе одлучи кои ќе бидат нивните побарувања, или пак доколку Ромите немаат капацитет, а се вклучени во процесот постои ризик дека тие можеби и нема да го направат вистинскиот избор
- Потребно е вклучување на повеќе актери. Имајќи во предвид дека ромската заедница се соочува со голем број на проблеми, кога се креираат јавни политики за Роми потребно е вклучување на жени Ромки, Роми лица со посебни потреби, деца итн.
- Потребен е континуитет и интеракција со вклучените страни за време на целиот циклус од процесот на планирање па се до процесот на имплементација, мониторинг и евалуација

На крајот би напоменале дека за сите имплементирани проекти и политики потребна е одговорност и транспарентност од страна на сите вклучени актери. Посебно е потребна одговорност за актерите коишто не вложуваат доволно напори за одвојување на доволен процент на финансиски средства, и одговорност на актерите коишто недоволно ги искористуваат расположливите ресурси со коишто располагаат.

Генерални препораки

- Планирање и водење на долг рок: преземање доволно време за планирање и планирање на среден и на долг рок; градење на постоечките искуства со кои се гарантира континуитет и одржливост
- Активно вклучување на Ромите: Вклучување на Ромите од фазата на планирање, па наваму (вклучувајќи спроведување, следење и евалуација.); соработката со организациите на граѓанското општество, особено ромски организации. Развој на активности за градење на капацитетите за сите вклучени актери
- Партнерство и соработка: мобилизирање на сите постоечки ресурси (човечки, институционални, економски). Вклучувањето на клучните актери во процесот. Вклучување на организациите на граѓанското општество во дизајн, имплементација и евалуација на политиките за Ромите
- Мобилизирање на ресурси: човечките и економски ресурси треба да се мобилизираат за ромските проекти преку создавање синергија помеѓу постоечките и расположливите ресурси.
- Соодветни информации и работни системи: Собирање редовни податоци, развој на посебни работни алатки и методи на работа, подобрување на знаење и специјализација, мониторинг и евалуација
- поддршка на јавното мислење да се подигне свеста, да се создаде позитивно јавно мислење и да се дејствува на начин во кој што целата заедница (Ромите и не-Ромите) се ангажирани во процесот на креирање на политики

Користена литература

- Министерство за Труд и Социјална Политика, Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020
- Секретаријат за Декадата на Ромите, Извештај за напредокот на Република Македонија 2014
- Коалиција на граѓански организации, ИнСоК, Месечина, Сонце Амбрела, Извештај на граѓанското општество за имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија и Акционите планови за Декадата во Македонија 2012
- Надир Рецепи, Хронична Измама: Извод од анализа на ромските политики во Македонија, 2011
- Samet Skenderi, Roma housing and social integration in Republic of Macedonia, 2014
- Хелсиншки Комитет за Човекови Права, Анализа помеѓу имплементација и реалност на националната стратегија за инклузија на Ромите, 2014
- Министерство за Труд и Социјална Политика, Стратегија за интензивирање на социјалната инклузија на Ромите во системот на социјална заштита во Република Македонија за периодот 2012-2014, 2011
- Фондација Отворено Општество Македонија, Влијанието на социјалните детерминанти врз здравјето на Ромите и нивниот пристап до здравствена заштита во Република Македонија, 2015
- Министерство за Труд и Социјална Политика, Национален Акционен План за Домување 2016-2020, 2016
- Ромски Едукативен Фонд, Дискриминација на Ромите во образовниот процес: кршење на ѕидот на одбивање и сегрегација: Аналитички извештај. – Скопје: Институт за човекови права, 2013
- UN Committee on the Elimination of Racial Discrimination (CERD), CERD General Recommendation XXVII on Discrimination Against Roma, 2000

- Министерство за Труд и Социјална Политика, Национална стратегија за еднаквост и недискриминација по основ на етничка припадност, возраст, ментална и телесна попреченост и пол 2012-2015
- Извештај во сенка на имплементацијата на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената, 2012
- Народен Правобранител на Република Македонија, Извештај за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2015 година